**УДК 343.431-053.2(497.7)"2010/2024"**

**НАЈДОВА, Марија**[1]

# КРИМИНОЛОШКА И ВИКТИМОЛОШКА АНАЛИЗА НА ОДНОСОТ ПОМЕЃУ СТОРИТЕЛОТ И ЖРТВАТА КАЈ ТРГОВИЈАТА СО ДЕЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (2010–2024)

**Апстракт**

Овој труд претставува криминолошка и виктимолошка анализа на односот помеѓу сторителот и жртвата кај кривичното дело „Трговија со деца“ во Република Северна Македонија во периодот од 2010 до 2024 година. Анализата се темели на поимното и нормативното определување на ова кривично дело, како и на значењето на меѓународните документи и стандарди кои се прифатени и имплементирани во националното законодавство. Преку анализа на законската рамка, релевантната научна литература и официјалните извештаи, се согледуваат клучните карактеристики на овој криминален феномен, при што индиректно се отвора простор за разбирање на неговите феноменолошки и етиолошки аспекти. Во тој контекст, посебно внимание се посветува на односот сторител–жртва и на процесот на виктимизација кај децата како особено ранлива категорија во рамките на криминалната интеракција. Трудот се заснова на дескриптивно аналитички пристап, преку кој се настојува да се укаже на комплексната природа на трговијата со деца како криминален феномен, кој се развива во рамките на пошироки општествени, економски и институционални услови.

***Клучни зборови****: трговија со деца, криминологија, виктимологија, сторител–жртва, виктимизација, Република Северна Македонија.*

**UDK 343.431-053.2(497.7)"2010/2024"**

**NAJDOVA, Marija**[2]

# CRIMINOLOGICAL AND VICTIMOLOGICAL ANALYSIS OF THE RELATIONSHIP BETWEEN THE OFFENDER AND THE VICTIM IN CHILD TRAFFICKING IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA (2010–2024)

**Abstract**

This paper presents a criminological and victimological analysis of the relationship between the offender and the victim in the criminal offence of "Child Trafficking" in the Republic of North Macedonia during the period from 2010 to 2024. The analysis is based on the conceptual and normative definition of this criminal offence, as well as on the significance of international documents and standards that have been accepted and incorporated into the national legal framework. Through the analysis of the legal framework, relevant academic literature, and official reports, the key characteristics of this criminal phenomenon are identified, thereby indirectly providing a basis for understanding its phenomenological and etiological aspects. In this context, particular attention is devoted to the offender–victim relationship and to the process of victimization of children as an especially vulnerable category within criminal interaction. The paper is based on a descriptive–analytical approach, through

[1] Студент на втор циклус студии, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Северна Македонија: е-маил: marija.072660@student.ugd.edu.mk

[2] Master student, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia; E-mail: marija.072660@student.ugd.edu.mk

which an attempt is made to highlight the complex nature of child trafficking as a criminal phenomenon that develops within broader social, economic, and institutional conditions.

***Keywords:*** *child trafficking, criminology, victimology, offender–victim relationship, victimization, Republic of North Macedonia.*

## ВОВЕД

Криминологијата претставува научна дисциплина која го проучува криминалитетот како општествена појава преку анализа на неговите феноменолошки и етиолошки карактеристики, односно преку согледување на неговите појавни облици, структура и динамика, како и причините и условите што доведуваат до негово настанување.

Виктимологијата претставува научно подрачје кое ја проучува жртвата на криминалниот чин, нејзината положба, карактеристики и процесот на виктимизација, како и односот помеѓу жртвата и сторителот во рамките на криминалната интеракција. Во рамките на овој труд, криминолошката анализа е насочена кон сторителите на трговија со деца, преку разгледување на нивните феноменолошки карактеристики, како и причините и условите што го условуваат нивното криминално однесување. Од друга страна, виктимолошката анализа е насочена кон децата како жртви на трговија, со посебен акцент на нивната ранливост, виктимогените предиспозиции и процесот на виктимизација.

Предмет на истражувањето е трговијата со деца како специфичен облик на организиран криминал, додека целта на истражувањето е да се согледаат нејзините основни карактеристики, динамиката на појавата, како и односот помеѓу сторителот и жртвата во контекст на современите виктимолошки и криминолошки теории. Во трудот се применува дескриптивно аналитички пристап, кој опфаќа повеќе методи. Применета е нормативна анализа на релевантната законска рамка, со цел согледување на правната регулација на кривичното дело трговија со деца. Паралелно на тоа, користена е теоретска анализа на научната и стручната литература од областа на криминологијата и виктимологијата, преку која се разработуваат клучните поими и концепти поврзани со истражуваната појава.

Дополнително, применета е и секундарна анализа на податоци, која се базира на официјални извештаи и статистички податоци за периодот 2010–2024 година. Во таа насока, посебно внимание е посветено на податоците од Државниот завод за статистика (MAKSTAT база), со цел да се прикаже движењето на кривичното дело трговија со деца преку судската практика. Податоците се систематизирани и прикажани преку табела, што овозможува да се согледа степенот до кој ***односот сторител – жртва*** во даден момент преминал во фаза на реализирано кривично дело и станал предмет на кривично правна реакција. Оттука, бројот на осудени лица не треба да се сфати само како статистички показател, туку како индикатор за тоа колку од овие односи стануваат видливи, препознаени и санкционирани од страна на институциите.

Методолошкиот пристап овозможува интегрирање на теоретските сознанија со емпириските показатели, со што се обезбедува поцелосно и објективно разбирање на трговијата со деца како комплексна криминална и општествена појава.

### 1. Дефинирање и анализа на кривичното дело „Трговија со деца“

Трговијата со луѓе е комплексен, општествен, повеќедимензионален, криминален и социјален проблем со кој се кршат основните човекови права и слободи на неговите жртви (Doneva N. , 2019)

Неговата комплексност опфаќа експлоатација, детска порнографија, принудни бракови, продажба на органи итн. Трговијата со луѓе, а особено трговијата со деца, се вбројува во еден од најтешките облици на организиран криминал, бидејќи самото “тргување“ се врши од страна на криминални групи, распространети низ повеќе

криминални разработени мрежи од меѓународен карактер кои оставаат сериозни последици врз жртвите а и врз самото општество.

Па поради тоа, овој проблем ни наложува прифаќање на меѓународни документи кои ја регулираат оваа проблематика и даваат соодветно решение кое и Република Северна Македонија го имплементира во своето законодавство. Најважен документ во оваа област, Република Северна Македонија го има потпишано на 12 декември 2000-та година во Палермо. Тој документ е *Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал* на Обединетите нации. Во врска со Конвенцијата, неопходно е да се споменат протоколите кои се нејзин составен дел. Самата Конвенција има свои Протоколи кои ја надополнуваат. Еден од тие протоколи е *Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговија со лица, особено жени и деца* (United Nations, 2000). Овој протокол, исто како и Конвенцијата ја потенцираат потребата од глобална соработка, анализа и координиран меѓународен пристап во борбата против трговијата со луѓе, особено деца.

**Согласно *„Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговија со лица (Палермо протокол)“* дефиницијата за трговија со луѓе гласи** (Кошевалиска & Максимова, 2018)**:**

*„Трговијата со луѓе значи регрутирање, транспортирање, трансфер, засолнување или прифаќање на лица, по пат на закана или со употреба на сила и други форми на принуда, или киднапирање, измама, залажување или со употреба на моќ или состојба на немоќ или со давање или примање на пари или корист, заради постигнување на согласност на некое лице кое има контрола над друго лице заради потребите на експлоатација. Експлоатацијата, во најмала рака, како минимум ја опфаќа експлоатацијата на проституцијата на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или принудни услуги, ропство или пракси слични на ропство, слугување или вадење органи“*.

***Исто така неминовно е да се спомене и Конвенцијата за правата на детето***, според која „дете“ е секое лице помладо од осумнаесет години (Hunček, 2015) а која Република Северна Македонија ја има ратификувано и согласно Уставот ја применува како дел од внатрешниот правен поредок.

Во Република Северна Македонија, трговијата со луѓе, особено со малолетни лица е посебно регулирана и развивана во законодавството од 2002 година па наваму. Првата инкриминација имала нејаснотии затоа што се однесувала на тргување со деца или малолетни лица, па затоа во 2008 година, Кривичниот законик бил дополнет со член 418-г – „ Трговија со малолетно лице“ со која била нагласена посебната заштита на малолетните жртви, со оглед на нивната возраст и степен на развиеност. Сепак, законодавецот не застанал овде, така што во 2014 година терминот „малолетно лице“ бил заменет со терминот „дете“. И оттогаш па се до денес постои ваквата инкриминација во Кривичниот законик, член 418-г (Собрание на Република Северна Македонија, 2026). Неговата примена во пракса се потврдува и преку современите извештаи, кои укажуваат на зголемени активности поврзани со истрагите, гонењето и меѓународната соработка во борбата против Трговијата со луѓе. Развојот на член 418-г не се одвива само преку формални законски измени, туку и преку неговата практична примена (U.S Department of State, 2024).

**Овој член од Кривичниот законик ја дефинира и санкционира трговијата со деца како сериозно кривично дело. Тој го опфаќа целиот спектар активности поврзани со експлоатацијата на децата, вклучувајќи врбување, транспорт, купување, продажба итн.**

Член 418-г ја одразува структурата на делото која е утврдена во Протоколот од Палермо, односно ги содржи трите суштински елементи: *дејствие* – преку врбување, транспорт, засолнување; *средства* – преку измама, закана, злоупотреба на положба и *цел* - експлоатација. Меѓутоа, за разлика од трговијата со полнолетни лица, кај трговијата со дете не се бара докажување на употреба на средства на присила за да

постои делото, што произлегува од посебната правна заштита на децата. Од самата возраст на жртвата зависи и кривичната одговорност на сторителот.

Во контекст на анализирање на член 418-г од Кривичниот законик, особено значајни се измените кои стапија на сила во *2026 година* кои носат суштински промени во однос на тоа кои лица можат да се јават како сторители на ова кривично дело. Имено, во претходното законско решение, став 3 се однесувал на лица кои користат или овозможуваат користење на сексуални услуги или друг вид експлоатација од дете кое е жртва на трговија со луѓе, во новото законско решение, овој став е изменет и се однесува на родител, посвоител, старател или друго лице кое има должност да се грижи за детето, а кое од користољубие го дава или му го препушта детето на трето лице заради питачење.

Со оваа измена се проширува кругот на сторители, бидејќи покрај лица надвор од семејството, како сторители се јавуваат и лица кои се најблиски до детето. Дополнително, воведен е и нов став 4, со кој се предвидува построга казна доколку поради ваквото постапување настанат потешки последици за детето.

Воедно, претходниот став 3 не е укинат, туку е пренумериран во став 5, со што законодавецот ги задржува и претходните облици на експлоатација, но истовремено ги надградува со нови.

Од аспект на односот сторител–жртва, овие измени се особено значајни, бидејќи покажуваат дека сторителот не мора секогаш да биде непознато лице, туку може да биде и лице кое има блиска врска со детето. Во такви случаи, односот се темели на доверба, зависност и авторитет, кои сторителот ги злоупотребува, што ја прави виктимизацијата уште потешка и посериозна.

Посебно значајна е одредбата од став 7, според која *согласноста* на детето не е од значење за постоењето на кривичното дело. Оваа норма има суштинско виктимолошко значење, бидејќи го елиминира ризикот од префрлање на вина врз жртвата. Во контекст на анализата на односот сторител-жртва, оваа одредба потврдува дека согласувањето на детето е ирелевантна околност, со оглед на неговата психолошка незрелост.

Дополнително, став 8 предвидува неказнивост на дете-жртва во случај кога било принудено да стори кривично дело како непосредна последица на неговата положба на жртва. Со ова се нагласува дека детето во вакви ситуации е пред сè жртва, а не сторител.

За ова кривично дело се предвидени најмалку осум, односно десет или дванаесет години затвор во потешки случаи, што укажува на висок степен на општествена опасност на делото. Квалификуваните облици (употреба на сила, сторување на делото од страна на службено лице, жртва под 14 години) дополнително ја засилуваат репресијата на државата.

Во криминолошка смисла, широката инкриминација овозможува санкционирање на сите учесници во организираната структура на трговија со деца – од регрутери и посредници до крајни корисници. Ова е од особено значење ако се има во предвид фактот дека трговијата со деца поретко се случува како индивидуален акт, а се почесто се случува како дел од криминална мрежа.

Член 418-г претставува нормативна рамка која не само што ја дефинира трговијата со деца како кривично дело, туку и ја одразува современата криминолошка и виктимолошка парадигма – засилена заштита на детето како ранлива категорија, исклучување на значењето на неговата согласност и препознавање на неговата положба како жртва во системот на организирана експлоатација.

## 2. Криминолошки пристап кон сторителите

Во рамките на криминолошката анализа, сторителите на трговија со деца се разгледуваат преку нивните феноменолошки и етиолошки карактеристики, со цел систематско разбирање на појавните облици и фактори што го условуваат нивното

криминално дејствување. За разлика од трговијата со луѓе, трговијата со деца претставува потежок и покомплексен облик на криминалитет бидејќи сторителите ја искористуваат психолошката незрелост, зависноста и ограничената способност на детето.

Феноменолошката анализа се однесува на појавните облици на криминалитетот, односно на начинот на манифестација на криминалното однесување, неговата структура и динамика, во тој контекст, сторителите на трговија со деца најчесто не дејствуваат индивидуално, туку како дел од организирани криминални групи кои се карактеризираат со поделба на улоги.

Во контекст на Република Северна Македонија, трговијата со луѓе, вклучително и трговијата со деца, се јавува како криминален феномен со организирана структура и разновидни форми на експлоатација. Според Извештајот на GRETA (2023), Северна Македонија претставува земја на потекло, транзит и дестинација на жртви на трговија со луѓе. Официјалните податоци покажуваат дека во периодот 2017–2022 година идентификувани биле жртви на трудова експлоатација, сексуална експлоатација, присилен брак и присилно питачење, при што значителен дел од жртвите биле деца. Извештајот дополнително укажува дека сексуалната експлоатација најчесто се реализира во угостителски објекти (ресторани, барови, ноќни клубови), додека трудовата експлоатација се јавува во земјоделството, градежништвото, текстилната индустрија и други нископлатени сектори (GRETA (Group of Experts on Action against Trafficking in Human Beings), 2023).

Според Balasubramaniam и Sathyanarayan во делото *„Трговија со луѓе и сајбер виктимологија: трендови, предизвици и управувачки одговори“* сторителите сè повеќе го користат интернетот и дигиталните платформи за извршување на делото. Тие преку социјални мрежи и други онлајн алатки создаваат мрежи што им овозможуваат полесно да регрутираат и контролираат жртви, да ја зголемат својата анонимност и да избегнат откривање. Дополнително, според UNODC, сторителите го приспособуваат својот начин на делување на сајбер-просторот, користејќи дигитални платформи за рекламирање, регрутација и експлоатација, што го прави кривичното дело посложено и потешко за докажување (Balasubramaniam, 2021).

Во *„Извештајот за евалуација на спроведувањето на Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговија со луѓе од страна на Северна Македонија – Трет круг на евалуација“* сторителите на кривичното дело трговија со луѓе се прикажани пред сè како лица што дејствуваат со цел финансиска корист, при што делото речиси секогаш е мотивирано од профит, поради што конфискацијата на имот и незаконски стекнатата добивка се смета за клучна мерка во борбата против оваа појава. Во анализираните случаи се забележува употреба на измама, закани, насилство и злоупотреба на ранливоста на жртвите, особено во случаи на сексуална експлоатација и присилен брак. Дополнително, се наведува дека угостителски објекти како барови, ноќни клубови, хотели и ресторани биле користени за сексуална експлоатација, но ретко биле повикувани на одговорност сопствениците или правните лица. Извештајот истакнува и дека речиси и да нема случаи во кои биле санкционирани лица што ги користеле услугите на жртви на трговија со луѓе (Council of Europe, 2023).

Од изнесеното може да се заклучи дека сторителите на Трговија со деца претставуваат лица кои свесно ја користат ранливоста и зависноста на детето како средство за остварување на финансиска корист. Нивното дејствување не е спонтано, туку организирано, структурирано и често поврзано со пошироки криминални мрежи.

### 3. Виктимолошки пристап кон жртвите

Виктимологијата претставува научна дисциплина која ги проучува жртвите на криминалитетот, нивните карактеристики, процесот на виктимизација и односот извршител–жртва, со цел подобро разбирање на криминалните појави и унапредување на превенцијата и заштитата на жртвите (Nikolić-Ristanović V. , 2008).

Во овој труд, виктимолошкиот пристап е насочен кон анализирање на процесот на виктимизација пред формалното реализирање на кривичното дело, односно кон фазата во која се воспоставува односот меѓу сторителот и детето и постепено се создаваат услови за негова експлоатација, поточно тргување.

### 3.1 Однос сторител – жртва

Виктимологијата како научна дисциплина се конституира во втората половина на XX век, со цел да ја постави жртвата како централна категорија во анализата на криминалните појави. Според Vesna Nikolić-Ristanović во делото *„Od žrtve do pobednika: Viktimologija i psihologija traume“*, виктимологијата го проучува поимот на жртвата, процесот на виктимизација, ризикот од виктимизација и односот извршител-жртва како динамична интеракција во рамките на криминалниот чин. Nikolić-Ristanović укажува дека жртвата ***не може да се анализира изолирано од сторителот, туку во рамките на односот што ги поврзува извршителот на делото и жртвата како последица на тоа дело*** (Nikolić-Ristanović V. , 2008). Кај трговијата со деца, тој однос се карактеризира со изразена асиметрија на моќ, злоупотреба на доверба и манипулација, при што сторителот ја користи ранливоста на детето, неговата потреба за внимание, прифаќање или материјална поддршка, со цел постепено да воспостави контрола.

Според Dubravka Marušić во делото *„Trgovanje djecom: Priručnik za stručnjake“*, процесот на трговија со деца започнува со постепено воспоставување контакт и доверба меѓу сторителот и детето, при што сторителот ја идентификува ранливоста како предуслов за подоцнежна експлоатација (Marušić, 2018).

Сметаме дека е важно да се нагласи дека современите правни и институционални пристапи не ги третираат овие фактори како вина на жртвата, туку како резултат на структурални услови кои создаваат простор за самата експлоатација, што е во согласност со принципите утврдени во Конвенцијата за правата на детето, која ја нагласува обврската за заштита на детето и неговиот најдобар интерес (Unated Nations, 1989). Во таа насока, современото постапување спрема децата се заснова на нивна заштита, поддршка и ресоцијализација, а не исклучиво на казнување, што е нагласено и во националната законска рамка (Закон за правда за децата, 2025).

Односот сторител – жртва бил само однос помеѓу две страни. Едната која делува и другата врз која што се делува. Ова сфаќање прв го критикувал Ханс вон Хентиг.

Тој заедно со Менделсон биле првите виктимолози кои ги проучувале личните карактеристики и однесувања на жртвите. Тие акцентот го ставале на однесувањето на жртвата кое помалку или повеќе може да придонесе за едно кривично дело да биде извршено. Во склоп на тоа најголемо значење давале на самиот однос којшто го имале сторителот и жртвата пред настанувањето на кривичното дело. Односот како таков тие го класифицирале како пријателски, роднински, партнерски, однос помеѓу колеги на работи, помеѓу потчинети и претпоставени итн. Го гледале времетраењето на тој однос, интензитетот и зачестеноста на социјалните контакти и интеракции (von Hentig, Remarks on the Interaction of Perpetrator and Victim, 1940).

Според Хентиг, кривичното дело *измама* како правило вклучува соработка на жртвата. Преку лажните ветувања, измамената личност се наоѓа во ситуации на сопствена штета. Како и кај силување, отстранување и заведување, личните карактеристики на жртвата играат голема улога (von Hentig, Remarks on the Interaction of Perpetrator and Victim, 1940).

Од виктимолошки аспект, токму ваквата поставеност на односот сторител – жртва ја прави трговијата со деца особено компелксен феномен, бидејќи границата помеѓу доверба, манипулација и експлоатација често станува тешко препознатлива за самата жртва. Поради тоа, анализата на односот сторител – жртва има значајна улога не само во научното разбирање на овој криминалитет, туку и во развивањето на механизми за рана идентификација и превенција на виктимизацијата кај децата.

Виктимизацијата на децата е стара колку и човештвото (von Hentig, The criminal and his victim, 1948). Во врска со утврдувањето на ризикот од виктимизација, треба да се прави разлика помеѓу *апсолутна* и *потенцијална* изложеност на виктимизација (Filipović, 2024). *Апсолутната изложеност* се однесува на неопходни услови кои се поврзани со личност, предмет, време или место, без кои одредена виктимизација не може да се случи. За да биде познато колкав е ризикот од виктимизација, најпрво треба да бидат идентификувани луѓето кои логички можат да бидат жртви. Секогаш кога се прави истражување се применува ваквиот пристап. Најчесто, кога се истражува ризикот за деца малтретирани од браќа и сестри, во *истражувањето ќе бидат вклучени само децата кои имаат браќа и сестри*, од причина што кај нив постои условот за тој вид на насилство. Без исполнување на овие услови, виктимизацијата од конкретниот вид би била невозможна.

Во врска со *потенцијалната изложеност*, истата е важна за да постои сознание во врска со тоа колку е распространета виктимизацијата. Таа се утврдува преку истражување на стапката на виктимизација во различни земји или региони и на различни групи на луѓе. Ваквите податоци се добиваат преку *анкети за виктимизација*. Податоците од ваквите анкети овозможуваат да се изгради јасна слика за обемот на криминалот и виктимизацијата, но и да се постават основи за развивање на ефективни стратегии за превенција и заштита. Потенцијалната изложеност е начин преку кој се овозможува пошироко согледување на проблемот.

Основачите на виктимологијата, ***Хентиг и Еленбергер***, сметале дека субјектот кој поседува една или повеќе виктимогени предиспозиции претставува потенцијална, односно латентна жртва на криминалитетот. (Nikolić-Ristanović V. , 2019).

Но, ризикот на виктимизација е нееднакво распореден кај одделни лица, така што некои се поподложни на виктимизација отколку други. Според едно истражување на FBI, лица кои ***имаат поголем ризик од виктимизација се децата***, стари и изнемоштени лица, лица кои работат ризични професии и младите луѓе (Baltovska, 2020).

Ризик факторите играат голема улога во одредени ситуации со тоа што ја зголемуваат веројатноста децата да станат жртви на трговија. Имено сиромаштијата има големо влијание на појавата на трговија со деца. Децата кои живеат во сиромаштија, без родители и родителска грижа, или во услови на семејно насилство, на маргините на општеството, се подложни на ризик од трговија со деца (Council of Europe, 2023) На овие деца често не им се задоволени основните потреби и можат да станат жртви на експлоатација од страна на трговците. Најчесто овие фактори се толкуваат како вина на жртвите на овие кривични дела, или со други зборови - самата ситуација во која се наоѓаат ги прави да бидат жртви. Но сметаме дека ваквиот начин на размислување доведува до поголем број на жртви на овие кривични дела и решението би било доколку овие фактори би се толкувале како показател за тоа како ранливоста на ваквите лица станува средство за нивна злоупотреба. Идеален пример овде би ги споменале *децата кои питачат.* Тие често потекнуваат од сиромашни семејства коишто пак традиционално ја практикуваат детската „работа“ како начин за обезбедување приходи. Самите тие, а и голем дел од луѓето кои се сведоци на таквата „работа“ го сметаат тоа за „нормален“ модел и начин на преживување, што за жал, тоа претставува само еден облик на трговија со луѓе. Во овој контекст, придонесот на жртвата не се однесува на вина и одговорност, туку на фактот дека одредени социјални околности ја зголемуваат веројатноста децата да станат жртви на трговија.

Кога едно дете – жртва, се согласува на секојдневно питачење, тоа не значи дека прифаќа експлоатација или дека сноси одговорност за својата ранливост. Таквата „согласност“ е само резултат на притисоците кои доаѓаат од семејството на тоа дете, а тие пак се последица на ризик факторите. Во вакви случаи, детето не може да се смета за виновно, но може да ја зголеми веројатноста да биде забележано и искористено од трговци со луѓе или други сторители и тоа за други сериозни кривични дела.

Како што укажува Hans von Hentig, сторителот често не делува случајно, туку врши селекција на жртвата врз основа на нејзината ранливост, што дополнително ја

потврдува поврзаноста помеѓу виктимогените фактори и самиот процес на виктимизација (von Hentig, Remarks on the Interaction of Perpetrator and Victim, 1940).

Кога станува збор за младите, особено децата, тие се изложени на ризик да станат жртви уште на почетокот на својот живот. Уште во утробата на мајката, детето може да биде жртва на чедоморство, а подоцна поради зависноста на родителите и помалата физичка конституција, може да стане жртва на различни физички и психички злоставувања во семејството (Filipović, 2024).

Оттука, може да се констатира дека односот сторител – жртва претставува динамичен и условен процес, во кој виктимизацијата се развива постепено преку интеракција и користење на ранливоста на жртвата.

**4. Состојбата со трговија со деца во Република Северна Македонија – актуелни случаи и институционален одговор**

Во периодот 2010-2024 година, трговијата со деца во Република Северна Македонија се развива како динамичен криминален феномен, при што државата се појавува како земја на потекло, транзит и дестинација за трговија со луѓе. Во рамките на овие текови, жртви се и деца, особено од социјално ранливи и маргинализирани заедници. Според извештаите, ромските деца се изложени на ризик од присилно питачење и сексуална експлоатација, вклучително и во рамки на принудни бракови, додека децата без придружба и мигрантите претставуваат дополнително ранлива категорија (U.S. Department of State, 2025).

Податоците од Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и нелегалната миграција, анализирани во период од две децении (2001–2021), покажуваат дека децата сочинуваат околу 70% од сите идентификувани жртви на трговија со луѓе во Северна Македонија. Просечната возраст на децата-жртви изнесува 15 години, при што девојчињата се непропорционално погодени и често изложени на комбинирани форми на експлоатација, односно сексуална и трудова. Овие податоци укажуваат на структурна насоченост на криминалните мрежи кон малолетни лица како особено ранлива категорија, кај кои контролата е поодржлива, а отпорот послаб.

Дополнителен увид за структурата на жртвите дава и судската практика. Анализите укажуваат дека жртвите на трговија со луѓе најчесто се жени и девојки на возраст од 19 до 30 години, но истовремено се забележува и присуство на помлади лица, што укажува на постепено „спуштање“ на возраста на жртвите и на засилена ранливост на малолетните категории. Овој податок е значаен за разбирање на профилот на жртвите во рамките на анализираниот период (Anastasov, 2014).

Во периодот 2018–2020 година, децата сочинувале помеѓу 67% и 86% од вкупниот број жртви на трговија со луѓе во Република Северна Македонија. Во 2021 година, овој процент значително се намалил и изнесувал околу 13%. Овие податоци укажуваат на варијации во структурата на идентификуваните жртви во различни години, што може да биде резултат на разните видови експлоатација, зголемена идентификација на возрасни жртви или институционални фактори поврзани со процесот на откривање и пријавување на случаи (MARRI Regional Centre, 2022).

Во однос на формите на експлоатација, достапните податоци упатуваат дека децата во Северна Македонија најчесто се изложени на сексуална експлоатација, трудова експлоатација, присилно питачење и присилни малолетнички бракови. Воедно, жртвите често потекнуваат од социјално ранливи и маргинализирани категории, а особено се издвојуваат ромските деца, децата без родителска грижа, како и децата мигранти и децата без придружба.

Дополнително, Јавното обвинителство во 2023 година донесе наредба за спроведување истрага против 11 сторители за кривично дело „трговија со дете“, што укажува на организирана структура и вклученост на повеќе лица во извршување на делото (Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, 2023)

Исто така, националните извештаи укажуваат дека дигиталниот простор добива сè поголемо значење како средство за регрутација, при што сторителите сè почесто ги користат социјалните мрежи и онлајн платформите за воспоставување контакт со деца преку лажни профили (UNICEF North Macedonia, 2024).

Според медиумските извештаи и официјалните информации од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, во последните години се забележуваат случаи на трговија со деца поврзани со присилни малолетнички бракови и сексуална експлоатација. Како што објавува Радио Слободна Европа, трговијата со деца често се поврзува со ранливи категории, особено во рамки на маргинализирани заедници, при што малолетничките бракови се користат како форма на прикриена експлоатација (Радио Слободна Европа, 2025).

Од наведените податоци може да се заклучи дека Трговијата со деца во Р.С Македонија не е поединечна или случајна појава, туку проблем кој постои подолг временски период и се прилагодува на новите услови. Големиот процент на малолетни жртви покажува дека сторителите најчесто ги насочуваат своите активности кон децата поради нивната ранливост и можност за контрола. Разликите во бројот на жртви од година во година укажуваат дека статистиката зависи од тоа колку успешно институциите ги откриваат случаите. Дополнително, користењето на социјални мрежи појавата на присилни малолетнички бракови ја прават оваа појава посложена и потешка за откривање.

Затоа, потребно е поголемо внимание кон превенцијата, навремено препознавање на ризичните ситуации и подобра соработка меѓу институциите за да се заштитат децата. Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (UNODC) нагласува дека административните евиденции го одразуваат само врвот на ледениот брег, бидејќи повеќето случаи на трговија со луѓе за принудна работа остануваат неоткриени поради скриената и принудна природа на овие кривични дела. (International Labour Organization, 2025) Ваквата анализа алудира на тоа дека постои значителен број на непријавени случаи на трговија со деца, што во криминологијата се означува како „темна бројка на криминалитетот“. Дел од случаите остануваат неоткриени поради страв кај жртвите, недоверба кон институциите, како и поради сложеноста на самата појава која многу често се прекрива преку други социјални појави како што е питачењето, семејните договорени бракови или миграцијата. Во тој контекст, особено значајна улога имаат институциите кои се задолжени за превенција и откривање на овие случаи, како што се Министерството за внатрешни работи, Центрите за социјална работа, Јавното обвинителство и Националната комисија за борба против трговијата со луѓе.

Анализата на трговијата со деца во Република Северна Македонија укажува дека станува збор за континуирана и комплексна криминална појава, чие движење не може целосно да се согледа само преку описни показатели за структурата на жртвите, туку бара и потпирање врз официјални статистички извори.

Соработката помеѓу самите институции, вклучувајќи ги и невладините организации кои доста се залагаат за борбата против трговијата со деца, претставува клучен елемент во процесот на раната идентификација на жртвите и обезбедување соодветна заштита и поддршка.

Во таа насока, особено релевантни се податоците на Државниот завод за статистика, кои овозможуваат увид во динамиката на кривичното дело преку судската практика:

| | **Трговија со дете** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** |
| **Вкупно осудени лица** | - | - | 4 | 6 | 7 | 1 | 10 | 8 |
| **Осудени лица – жени** | - | - | - | 3 | 5 | - | 4 | 3 |
| **Осудени лица – мажи** | - | - | 4 | 3 | 2 | 1 | 6 | 5 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Казни – вкупно** | - | - | 4 | 6 | 7 | 1 | 10 | 8 |
| **Алтернативни мерки – вкупно** | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Прогласен виновен vs ослободен од казна** | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Изречена мерка на безбедност без изречување на казна** | - | - | - | - | - | - | - | - |

Според податоците од MAKSTAT базата, во периодот 2019–2024 година се забележуваат изразени варијации во бројот на осудени лица за кривичното дело „трговија со дете“. Имено, во 2019 година се евидентирани 4 осудени лица, во 2020 година 6, а во 2021 година 7, што укажува на постепено зголемување во тој период. Во 2022 година следи значителен пад, со евидентирано само 1 осудено лице, по што повторно се бележи пораст во 2023 година, кога бројот достигнува 10 осудени лица, како и одржување на релативно високо ниво во 2024 година (8 осудени лица) (Државен завод за статистика, 2024).

Ваквата динамика упатува на нестабилност во појавата, но истовремено и на нејзино континуирано присуство во рамките на националниот криминалитет. Осцилациите не мора нужно да значат реално намалување или зголемување на појавата, туку можат да бидат резултат на повеќе фактори, вклучително и ефикасноста на откривањето на надлежните органи, степенот на пријавување на случаите, како и специфичната природа и латентноста на овој вид криминал.

## ЗАКЛУЧОК

Трговијата со деца претставува еден од најтешките облици на организиран криминал, кој во својата суштина ги обединува елементите на структурирана криминална активност, профитна мотивација и систематска злоупотреба на ранливоста на малолетните лица. Анализата покажа дека овој криминалитет не може да се разгледува исклучиво како изолиран кривичен настан, туку како процесна појава што започнува со воспоставување на асиметричен однос помеѓу сторителот и детето-жртва.

Криминолошката анализа на сторителите укажа дека трговијата со деца има изразена организирана структура, поделба на улоги и јасна профитна ориентација. Феноменолошките карактеристики покажуваат дека сторителите дејствуваат плански, адаптивно и транснационално, користејќи измама, злоупотреба на доверба, психолошка манипулација и присила како механизми на контрола. Етиолошката рамка го нагласува доминантниот мотив на материјална корист, како и улогата на пошироките социјално-економски услови што создаваат простор за развој на овој криминален пазар.

Виктимолошката анализа потврди дека жртвата на трговија со деца не може да се разгледува изолирано од односот со сторителот. Процесот на виктимизација започнува пред формалното извршување на кривичното дело, преку постепено воспоставување на доверба, зависност и контрола. Детето како жртва се наоѓа во позиција на структурна инфериорност, што ја зголемува неговата изложеност на ризик. Личните, социјалните и ситуациските виктимогени предиспозиции не претставуваат вина на жртвата, туку услови што сторителите ги инструментализираат за целите на експлоатација.

Анализата на периодот 2010-2024 година дополнително покажа дека трговијата со деца во Република Северна Македонија се трансформира во согласност со општествените и технолошките промени, при што особено значење добива онлајн просторот како средство за регрутација. Високиот процент на деца меѓу идентификуваните жртви во повеќе години од анализираниот период укажува на постојана насоченост на сторителите кон оваа ранлива категорија.

Оттука, трговијата со деца претставува криминален феномен што истовремено бара криминолошко разбирање на сторителите и виктимолошко разбирање на процесот на виктимизација. Само преку интегриран пристап – кој ги поврзува етиолошките, феноменолошките и виктимолошките сознанија – може да се развие ефективна стратегија за превенција, рана детекција и системска заштита на децата како најранлива категорија во општеството.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Anastasov, M. (2014). *Krivičnoto delo trgovija so luge kako oblik na organiziran kriminal vo sudskata praktika na Republika Makedonija.* Štip: Univerzitet „Goce Delčev" – Štip, Praven fakultet.

Balasubramaniam, B. S. (2021). *Human Trafficking and Cyber Victimology: Trends, Challenges and Governance Responses.* Singapore: Springer.

Baltovska, I. (2020, April 8). *Жртвите – безгласни букви на општествениот систем*. Повратено од ELSA Republic of North Macedonia: https://www.elsa.mk/%D0%B6%D1%80%D1%82%D0%B2%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B1%D0%B5%D0%B7%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81%D0%BD%D0%B8-%D0%B1%D1%83%D0%BA%D0%B2%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%B5/

Council of Europe. (2023). *Access to justice and effective remedies for victims of trafficking in human beings – Evaluation report North Macedonia.* Strasbourg: Council of Europe.

Council of Europe. (2023). *Извештај за трговија со деца 2021–2022: Подгрупа за борба против трговија со деца.* Council of Europe.

Doneva, N. (2019). Efficiency of criminal legislation from the aspect of management of internal human trafficking in the Republic of North Macedonia. *Правник*, 331-332.

Filipović, N. (2024). *Specifičnosti viktimizacije kod mladih i njihove viktimogene predispozicije.* Novi Sad: Pravni fakultet, Novi Sad.

GRETA (Group of Experts on Action against Trafficking in Human Beings). (2023). *Access to justice and effective remedies for victims of trafficking in human beings – Evaluation report North Macedonia.* Strasbourg: Council of Europe.

Hunček, S. (2015). *Djeca potencijalne žrtve trgovine ljudima – prepoznavanje i identifikacija.* Ministarstvo sigurnosti Bosne i Hercegovine.

International Labour Organization. (2025, July 24). *Understanding the scale of human trafficking for forced labour*. Повратено од ILOSTAT.

MARRI Regional Centre. (2022). *Analysis Report: Trends of Human Trafficking in the MARRI Participants (2018–2021).* Skopje: MARRI Regional Centre.

Marušić, D. (2018). *Trgovanje djecom: Priručnik za stručnjake.* Zagreb: Edukacijsko-rehabilitacijski fakultet Sveučilišta u Zagrebu.

N., D. (2019). Efficiency of criminal legislation from the aspect of management of internal human trafficking in the Republic of North Macedonia. *Правник*, 331-332.

Nikolić-Ristanović, V. (2008). *Od žrtve do pobednika: Viktimologija i psihologija traume.* Beograd: Viktimološko društvo Srbije.

Nikolić-Ristanović, V. (2019). *Od žrtve do pobednika: viktimologija kao teorija, praksa i aktivizam.* Beograd: Prometej.

U.S Department of State. (2024). *Trafficking in Persons Report: North Macedonia.* Washington, DC: U.S. Department of State.

U.S. Department of State. (2025). *Trafficking in Persons Report: North Macedonia.* Washington, DC: U.S. Department of State.

Unated Nations. (1989). *Convention on the Rights of the Child.* New York: Unated Nations.

UNICEF North Macedonia. (2024, July 29). *Децата сочинуваат 70 проценти од сите идентификувани жртви на трговија со луѓе од Северна Македонија*. Повратено од UNICEF: https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/%D1%81%D0%BE%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0/%D0%B4%D0%B5%D1%86%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D1%81%D0%BE%D1%87%D0%B8%D0%BD%D1%83%D0%B2%D0%B0%D0%B0%D1%82-70-%D0%BE%D1%82%D1%81%D1%82%D0%BE-%D0%BE%D0%B4-%D

United Nations. (2000). *Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons, Especially Women and Children, Supplementing the United Nations Convention Against Transnational Organized Crime.* New York: United Nations.

von Hentig, H. (1940). Remarks on the Interaction of Perpetrator and Victim. *Journal of Criminal Law and Criminology*.

von Hentig, H. (1948). The criminal and his victim. Во *The criminal and his victim: Studies in the sociobiology of crime.* Springer.

Државен завод за статистика. (2024). *MAKSTAT база на податоци - Судство.* Скопје: Државен завод за статистика.

Закон за правда за децата. (2025). *Закон за правда на децата.* Скопје: Службен весник на РСМ.

Јавно обвинителство на Република Северна Македонија. (2023, Мај 12). *Наредба за истрага за 11 сторители на кривично дело трговија со дете*. Повратено од Јавно обвинителство на Република Северна Македонија: https://jorm.gov.mk/naredba-za-istraga-za-11-storiteli-na-krivichno-delo-trgovija-so-dete/

Кошевалиска, О., & Максимова, Е. (2018). *Организиран криминал и корупција: Скрипта.* Штип: Универзитет „Гоце Делчев“ – Правен факултет.

Македонија, С. н. (1996). *Кривичен законик на Република Северна Македонија.* Службен весник на РСМ.

Радио Слободна Европа. (2025, November 10). *Украдено детство – трговија со деца за присилен брак, казните реткост*. Повратено од Радио Слободна Европа: https://www.slobodnaevropa.mk/a/deca-brak-trgovija-kazna-/33585991.html

Република Македонија. (2008). *Кривичен законик на Република Македонија.* Скопје: Службен весник на Република Македонија.

Собрание на Република Северна Македонија. (2026). *Кривичен законик на Република Македонија.* Скопје: Службен весник на РСМ.